ЗАПИСНИК

Од одржаната 37-ма седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 13.11. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – советник.

Гости: Александар Стефановски - директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 35-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Записникот од 36-та седница на Совет на Општина Новаци;
3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Коминална хигиена“ - Новаци за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 год.;
4. Разгледување и усвојување на Правилник за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП „Комунална Хигиена“ Новаци;
5. Разгледување на Барање за градежен материјал од Месна заедница и Црковен одбор на с. Гермијан;
6. Советнички прашања.

Претседателката Најдовска-Стојковска го прочита Дневниот ред, кој беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа за**.

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 35-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 35-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

2 точка:Разгледување и усвојување на Записникот од 36-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 36-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

3 точка: Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Коминална хигиена“ - Новаци за период од 01.07.2023 до 30.09.2023 год.

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци, Александар Стефановски пред советниците го образложи Финансискиот извештај за третиот квартал, според кој во периодот од 01.07.2023 до 30.09.2023 г. е остварен позитивен финансиски резултат – добивка во износ од 109.638,00 денари.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци гласаше по однос на ова прашање така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2023 г. до 30.09.2023 г.

4 точка: Разгледување и усвојување на Правилник за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП „Комунална Хигиена“ Новаци

По однос на четвртата точка директорот Стефановски им објасни на советниците дека е доставен нов Правилник за основни плати и додатоци на плата поради промена во бодовите во делот на плата за сложеност на работно место, како би се овозможило зголемување на платите од 10% кое од септември 2023 г. го добија сите вработени во јавниот сектор.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, со што престанува да важи претходниот Правилник за основна плата и додатоците на плата на вработените во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци бр. 02-91/5 од 16.05.2023г.

5 точка: Разгледување на Барање за градежен материјал од Месна заедница и Црковен одбор на с. Гермијан

Советот го разгледа Барањето од ЦО и МЗ на с. Гермијан со кое се бара помош во градежен материјал за изградба на тоалети во дворот на црквата „Св. Ѓоргија“ во с. Гермијан.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на донација во градежен материјал на Црковен одбор на црквата „Св. Ѓорѓија“ и МЗ с. Гермијан во висина од 20.000,00 ден.

6 точка: Советнички прашања.

По однос на оваа точка збор зеде советникот Наумче Смилевски кој постави прашање наменето до Градоначалникот Стевановски, а кое се однесува за тоа колку пати според законот директорот на ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци може да биде вршител на должност и дали ги поседува сите потребни лиценци. На ова Градоначалникот Стевановски одговори дека според закон вршител на должност нема обврска да поседува лиценца за директор и дека според законот вршител на должност можи да се назначи исто лице два пати по 6 месеци, иако во минатото но и сега, имало примери каде што едно лице се назначувало за вршител на должност подолго време.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дневниот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 37-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска